Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**ИП 1 бр. 57- 17**

**Датум: 05.05.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инсекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | [redacted] |
| Седиште/адреса на субјектот | [redacted] |
| Адреса за е-пошта | [redacted] |
| Телефон | [redacted] |
| Матичем број на субјектот | [redacted] |
| Даночен број на субјектот | [redacted] |
| Број на трансакциска-сметка на субјектот | [redacted] |
| Банка депонент | [redacted] |
| Одговорно лице на субјектот: / | |
| Име и презиме: [redacted] од Велес | Телефон: [redacted] | Е-пошта: [redacted] |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. **<u>КОНТРОЛЕН</u>** | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 29.04.2022 г. и | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11:00 ч. | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 05.05.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:30 ч. | |
| Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | / |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК) |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-17 од 25.02.2022 година и Решението со опомена ИП 1 бр. 57 - 17 од 07.03.2022 година согласно со член 83 ставовите (1) и (4) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ“ бр. 102/2019), а планиран е со Месечниот план за работа за м. април 2022 г. бр. 57 - 49/4 од 05.04.2022 година.

4.) **Инспекцискиот надзор е извршен од:**

[redacted] главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК. За вршењето на контролниот инспекциски надзор, субјектот на надзорот, во конкретниот случај физичко лице [redacted] како потписник на Договорот и носителот на Проектот, е известен со Допис ИП 1 бр. 57 - 17 од 27.04.2022 година.

5.) **Предмет на контролниот инспекциски надзор**

**Предмет**: инспекцискиот надзор е со цел да се утврди дали субјектот на надзорот - физичко лице [redacted] и во истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, при претходно извршениот вонреден инспекциски надзор, **постапил или не постапил по инспекцискиот акт** – Решение со опомена ИП 1 бр. 57 - 17 од 07.03.2022 година.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Сл. весник на РСМ” бр. 102/2019).

6.)**Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за контролен инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот, беше претствувано од:

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| | [redacted] од Велес | Потписник на Договорот, склучен со МК |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| / | / | / |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, со горецитираниот Допис на субјектот на надзор му ги објасни целите и предметот/опфатот на контролниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор, којшто не се одзва на поканата.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве **наоди за утврдената фактичка состојба:**

- При извршениот вонреден инспекциски надзор кај субјектот на надзорот, за утврдената неправилност со Записникот ИП 1 бр. 57 – 17 од 25.02.2022 г., од страна на инспекторот за култура е издаден инспекцискиот акт - Решение ИП 1 бр. 57 - 17 од 07.03.2022 г., со коешто субјектот на надзорот – физичко лице [redacted] од Велес, е опоменат во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да преземе соодветни активности за отстранување на утврдената неправилност од аспект на примена на Законот за културата, и тоа:

- да ги врати авансно преведените средства во износ од **70.000,00 денари**, добиени за реализација на Проектот „**Моја култура – моја гордост**" согласно со Договорот бр. 18-10757/1 од 26.09.2019 г., за учество во финансирање на проект од Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 година.

Средствата да бидат вратени со налог ПП 50, пополнет на следниот начин: Назив на примач–**Буџет на РСМ**, Банка на примач–**НБРМ**, Трансакциска с-ка 100-0000000-630-95, Сметка на корисник-6300100019-630-19, Приходна шифра 725939, Програма-00, Повикување на број задолжување–464990-70-180100042663712, Цел на дознака–поврат на средства за 180100042663712 за 464990-70.

-Инспекциската мерка - решение со опомена, со коешто е определен рок за отстранување на неправилноста е изречена согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од Законот за инспекциски надзор.

Имајќи предвид дека од страна на субјектот на надзорот, **не е постапено по обврската од т. 3 од горецитираното Решение со опомена, „веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта“ да го извести Министерството за култура дали е извршена инспекциската мерка или не,** ниту истиот се одзвал на контролниот инспекциски надзор, закажан на ден 29.04.2022 г., за што лицето е известено по писмен пат со Допис ИП1 бр. 57-17 од 27.04.2022 г., како и по електронски пат (забелешка: дополнително за мејлот е утврдено дека веќе не е валиден), на ден 03.05.2022 г., од службениот мејл е испратено барање до Секторот за финансии на МК, со цел да побараат податоци од Министерството за финании, дали по издаденото Решение со опомена, во Буџетот на РСМ се вратени авансно преведените средства, во износ од 70.000,00 денари, за реализација на проектот „Моја култура – моја гордост“ согласно со Договорот бр. 18-10757/1 од 26.09.2019 г., за учество во финансирање на проект од Манифестацијата „Нов културен бран“ во 2019 г., а за што од Секторот за финансии на МК е добиен одговор дека е стапено во контакт со Министерството за финансии и дека од картицата не се гледаат вратени средства во износ од 70.000,00 денари.

Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација и евиденцијата на Министерството за култура и на Министерството за финансии, се утврди следното:

**-Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што се преземени следниве мерки:**

При контролниот инспекциски надзор, се утврди дека субјектот на надзорот – од Велес, во рокот определен со инспекцискиот акт, НЕМА


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

постапено по Решението со опомена ИП 1 бр. 57-17 од 07.03.2022 година, односно дека во Буџетот на РСМ ги нема вратено авансно преведените средства во износ од 70.000,00 денари, наменети за реализација на Проектот „Моја култура – моја гордост“.

Поради тоа што претходно утврдената неправилност во работењето на субјектот, од аспект на примена на член 68 став (1) од Законот за културата, **НЕ Е ОТСТРАНЕТА** во рокот утврден со Решението со опомена ИП 1 бр. 57-17 од 07.03.2022 г., од страна на инспекторот за култура, ќе биде преземена следнава инспекциска мерка:

**-ќе биде донесено решение со НАРЕДБА, со коешто на субјектот на надзорот ќе му биде определен рок за отстранување на неправилноста во согласност со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 83 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ“ бр. 102/19).**

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот:

- __________________________________________
- __________________________________________
- __________________________________________
-

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | на од Велес | Печат и потпис на инспекторот за култура: | главен инспектор за култура |
| Датум: | 05.2022 г. | Датум: | 05.05.2022 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk